Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по Барањето за склучување на договорот за јавна набавка поднесено од договорниот орган - ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје, во постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.12702/2020 за набавка на стоки - Медицински средства и заштитна опрема за превенција од COVID-19, врз основа на член 160 став (1) точка 8 и став (2), а во врска со член 158 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019), на 57-та Седница одржана на ден 21.10.2020 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

1. **Барањето за склучување на договорот за јавна набавка** поднесено од договорниот орган - ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје, во постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.12702/2020 за набавка на стоки - Медицински средства и заштитна опрема за превенција од COVID-19, **СЕ ОДБИВА.**

2. Против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган - ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје, спровел јавна набавка со отворена постапка бр.12702/2020 за набавка на стоки - Медицински средства и заштитна опрема за превенција од COVID-19 и донел Одлука за доделување на договор за јавна набавка бр.34-104/2 од 13.10.2020 година.

Незадоволен од Одлуката за доделување на договор за јавна набавка бр.34-104/2 од 13.10.2020 година, жалба изјави економскиот оператор „ХОССАМ" ДОО Скопје.

Договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје до Државната комисија за жалби по јавни набавки, заедно со одговорот на жалбата, поднесе и барање за склучување на договорот односно бара да му се овозможи склучување на договори за јавна набавка за деловите од предметот на набавката кои не се предмет на жалбата.

Договорниот орган бара Државната комисија за жалби по јавни набавки да овозможи продолжување на постапката, од причина што се работи за набавка на медицински средства и заштитна опрема за превенција на

COVID-19, имајќи ја предвид настанатата состојба со коронавирусот, повикувајќи се на член 153 став 3 од Законот за јавните набавки.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по Барањето за склучување на договорот за јавна набавка, одржа седница и утврди дека барањето е неосновано од причина што истото не содржи образложение согласно член 158 став (3) од Законот за јавните набавки.

Исто така, Државната комисија утврди дека во моментот на одлучување по барањето е пристигната уште една жалба, а воедно се уште течат роковите за изјавување на жалба против донесената одлука.

Согласно член 158 став 3 од Законот за јавни набавки е наведено: „(3) Барањето за склучување на договорот или на рамковната спогодба може да се поднесе од причини поради кои може да настанат штети заради неспроведување на постапката, а кои се непропорционални на нејзината вредност.“.

Од причини погоре изложени, се донесе заклучок како во диспозитивот.

Бр.09-956/6
21.10.2020 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје